# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Продолжението на Триесет и петтата седница
на Собранието на Република Македонија,
одржана на 24 февруари 2000 година

Скопје, февруари 2000 година

| Триесет и петта (35) седница, 1 продолжение, на Собранието на Република Македонија одржана на 24 февруари 2000 година<br><br>Седницата започна во 11,45 часот<br>Седницата заврши во 14,00 часот     крај | |
|---|---|
| 1. Бајрам Амди-20,34,35,36<br>2. Георгиев Ристо(Влада)-30<br>3. Гештаковски Александар-32<br>4. Карангелески Радомир-28,29<br>5. Краљевски Чедомир-50,51<br>6. Котевски Ѓорѓи-30,31<br>7. Марковска Диспина-12,13,14, 15,16<br>8. Пранговски Илија-37<br>9. Положани Азис-27,28<br>10. Трајков Горанчо-2,3,4,5,6,7<br>11. Сабриу Илјаз-17,18,19<br>12. Таири Мухамед-31<br>13. Чифлиганец Ванчо-7,8,9,10,11<br>14. Чукалиева-Огњановиќ Каролина(прозива)-65,66,67,68 | Дневен ред<br><br>Т. 3 - Предлог за донесување на закон за начинот на плаќање на заостанатите неизмирени обврски по однос на придонеси од плати и персонален данок од доход, со Предлог на закон- стр.1<br><br>Т. 4 - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за платниот промет со Предлог на закон- стр. 25<br><br>Т. 5 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за социјална заштита со Предлог на закон- стр. 26<br><br>Т. 6 - Предлог за донесување Закон за измена и дополнување на Законот за социјална заштита-стр.50<br><br>Т. 7 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за соработка во превенција и борба против прекуграничниот криминал со Предлог на закон- стр. 51<br><br>Т. 8 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за социјално осигурување меѓу Република Македонија и Швајцарската конфедерација со Предлог на закон - стр. 53<br><br>Т. 9 - одложена<br>Т. 10 - Барање за автентично |

| | |
|---|---|
| | толкување на член 5 од Законот за локални избори,поднесено од Советот на Општина Радовиш- стр. 53<br><br>Т. 11 - Барање за давање автентично толкување на член 5 од Законот за локалните избори, поднесено од Советот на Општина Конче - стр. 55<br><br>Т. 12 - Барање за давање на автентично толкување на член 47 од Законот за изменување и дополнување на Законот за трансформација на претпријатија со општествен капитал поднесено од Комерцијална банка АД- Скопје - стр 56<br><br>Т.13 - Предлог на одлука за именување претседател и членови на Издавачкиот совет на Собранието на РМ- стр. 57<br><br>Т. 14 - Предлог на одлука за изменување на одлуката за избор на претседатели и членови на комисиите на Собранието на РМ - стр. 57<br><br>Т. 15 - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за основање на пратеничка група на Собранието на РМ за соработка со Европскиот парламент - стр. 58<br><br>Т .16 - Предлог на одлука за именување на претставници на Републиката во Советот на ООЗТ Институти при Медицинскиот факултет во Скопје - стр. 58<br><br>Т. 17 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната Здравствена организација Психијатриска болница " Скопје" - Скопје - стр. 59 |

| | |
|---|---|
| | Т. 18 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната Здравствена организација Завод за здравствена заштита-Битола- стр. 60<br><br>Т.19 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната Здравствена организација Завод за здравствена заштита-Штип-стр.60<br><br>Т. 20 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната Здравствена организација Медицински центар-Велес - стр. 61<br><br>Т. 21 - Предлог на одлука за огласување избор на претседател на Врховниот суд на РМ - стр. 62<br><br>Т. 22 - Предлог на одлука за огласување избор на судија на Врховниот суд на РМ - стр. 63<br><br>Т.23 - Предлог на одлука за огласување и избор на претседател на Основниот суд во Штип - стр. 63<br><br>Т. 24 - Предлог на одлука за огласување на избор на судии на Основниот суд Скопје 1 - Скопје и Основниот суд во Штип - стр. 64 |

1

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од продолжението на Триесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 24 февруари 2000 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија со почеток во 11,45 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше д-р Саво Климовски, претседател на Собранието.

САВО КЛИМОВСКИ:

Продолжуваме со работа по Триесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија.

За денес извинување побараа пратениците Слободан Ќосев и Нано Ружин.

Ве молам, пред да почнеме со работа да притисниме на едно од копчињата на системот за гласање, за да го утврдиме бројот на присутните во салата, дали можеме да работиме.

Ве молам вклучете го системот.

(По притискањето на копчињата)

Вкупно се присутни 65 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Минуваме на точката три - Предлог за донесување на закон за начинот на плаќање на заостанатите неизмирени обврски по однос на придонеси од плати и персонален данок од доход, со предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

За збор се јави пратеникот Горанчо Трајков.

ГОРАНЧО ТРАЈКОВ:

Почитуван претседателе, членови на Влада, колеги пратеници,

Мене ми е посебно драго што овој Закон денеска е на дневен ред, посебно од причини што јас ова прашање го поставив на една од претходните седници, посветени на пратенички прашања. Значи, причините за донесување се повеќе од јасни и едноставно малку е само да се каже дека Законот треба да се донесе. Од тие причини, чувствувам потреба да дадам и еден мој коментар и мое видување за сето она што се случува, верувам дека ќе се донесе законот, пред донесување на законот и после донесување на законот.

Глобално можеме фирмите да ги поделиме во две групи, кои што ќе бидат заинтересирани за примената на овој Закон.

Во првата група се оние фирми кои што мислам дека 1997-та година, со Законот за дисконтно плаќање успеаја да платат дел од заостанатите придонеси, меѓутоа, за жал, после многу кратко време изгубија здив, но сепак се подалеку во поповолна позиција од фирмите кои што се во таканаречената втора група. Таму се фирмите кои што ниту до 1997 година не успеаа да ги платат придонесите и сега се наоѓаат во една крајно тешка и алармантна состојба, бидејќи немаат платено за повеќе од пет - шест па и седум години и долговите им се огромни.

За жал, карактеристична и за двете групи е нивниот нерегулиран сопственички статус, јас не би сакал да навлегувам во причините за оваа состојба, но во принцип според моите сознанија секаде се работи или за зголемени апетити од страна на поединци, или чисто личен интерес за материјална добивка. Друга причина нема.

Меѓутоа, работата е завршена и во недостиг или на квалитетни законски решенија, а овде морам да напомнам и неажурноста на судските инстанции е на недоволно ниво, голем дел од директните виновници за оваа катастрофална состојба во дел од општествените претпријатија сѐ уште не се казнети, меѓутоа се надевам, иако правдата понекогаш е бавна, сепак ќе дојде време кога ќе излезе се на виделина и тие ќе бидат нормално казнети. Меѓутоа, целта не ни е денеска да се занимавам со обвинителство, но би сакал да дадам неколку мои сугестии.

Во секој случај "врелите костени" се препуштени на оваа коалиција и за судбината на луѓето вработени во тие фирми ќе мораме ние да ја преземеме одговорноста и за се она што ќе се случува понатаму, без разлика на фактот што многу е тешко да се гради врз урнатини. Јас ова не го велам случајно, јас би сакал само да споменам два примера од мојата изборна единица, тоа се две фирми, во едната воопшто не е почнат процесот на приватизација, во другата делумно, се работи за ЗИК "Брегалница" и "Трико" Виница, со вкупно вработени во двете фирми околу 1000 вработени и од вкупен долг над 20.000.000 германски марки. Ситуацијата е повеќе од алармантна.

Од овие причини предлагам не само на Министерството за финансии, туку и на Владата и на сите релевантни фактори во државата донесувањето на овој закон да го сфатиме многу озбилно, сериозно и со

доста голем број пропратни активности кои што ќе мораат да следуваат после неговото донесување.

Прво, овој закон мора да биде сфатен како дополнителен поттик за конечно доприватизирање на сите претпријатија каде сѐ уште не се знае сопственоста и каде сѐ е сечие, за на крај да биде ничие.

Втората работа која што ќе мора да биде превземена доколку сакаме излез од ситуацијата е формирање на експертски групи кои ќе ја скенираат целата состојба во сите фирми кои работат со загуби, а каде што доминантен е државниот капитал без разлика по кој основ, дали како општествен, државен или на Агенција за санација на банки, како државен капитал. И, да се најде конечни решенија кои ќе дадат одговор на следните прашања.

Дали фирмата може да продолжи да работи и како, или банкротирање, или на македонски кажано пропаѓање на фирмите и изнаоѓање на нови начини на функционирање. Мораме да бидеме свесни дека овој процес колку и да е болен сепак е неминовен за излез од и така тешката ситуација. Мене ми е посебно жал што не наоѓаме разбирање токму во овој дел и сега имаме веќе најави за одредени демонстрации, или најави од типот дека некој ги има распродадено претпријатијата или сака да ги распродаде претпријатијата, меѓутоа, ние мораме да сфатиме дека за да имаме здрава економија, значи во државата можеме да имаме здрава економија во оној момент кога во секоја фирма ќе се знае кој е главен, кој ќе има најголем профит од успешното работење на дадената фирма или кој е виновен за лошото работење во одредена фирма.

Инаку, при пропаѓање на фирми во развиените земји, за жал не е ретко практикуван метод е самоубиството. Кај нас во државата, јас се уште немам слушнато за таква појава. Кај нас во изминатите десетина години

мислам дека сосема поинаку се гледаше на таа работа и дека свесно фирмите се тераа во пропаѓање, меѓутоа тоа не е денеска предмет на разгледување.

Се додека одговорноста е колективна, а профитот најчесто остварен преку така наречени, јас слободно ќе кажам - црни дупки, или дупки во законот, ниту ќе имаме здрава економија, ниту пак благосостојба за која што сите се стремиме.

Следна работа која ќе мора паралелно со донесувањето на овој закон да оди е промена во одредени законски решенија кои што ја регулираа токму економската сфера.

Првата работа е целосна отвореност на берзата, како и едукација на сите акционери. Вие знаете дека со постојните законски решенија за приватизација донесени некаде 1995-тата година кај нас се создадоа услови за ситно акционерство. Јас постојано сум во контакти со граѓаните, со акционерите и имам впечаток дека едукацијата е на страшно лошо ниво. Страшно лошо ниво од причини што постојано од изминатиот период биле уценувани дека доколку некој ги изгуби сопствените акции, ќе се случи да биде истеран од работа и слично. Мислам дека во тој дел, особено Министерството за финансии или Агенцијата за прифатизација треба да се најде начин, во соработка, може да биде вклучен и синдикатот, да биде извршена комплетна едукација на сите акционери. Да расчистиме еднаш во државата што значи да бидеш акционер во одредена фирма од една страна и што значи да имаш работен однос со таа фирма и обврските што произлегуваат од тоа. Ова мораме да го направиме од причини што Законот за приватизација, каков е таков е, дали е добар или не, тоа е предмет на друга дискусија, јас лично сметам дека не е добар, меѓутоа, тоа е завршен процес и мораме да одиме според тоа. Едукацијата мора да се заврши, да

дојде процес на окрупнување на капиталот. За жал високо развиените земји веќе одат кон уситнување, меѓутоа кај нас процесот е на почеток. Тоа е едната работа.

Следната работа е промени во Законот за работни односи. Мене ми е навистина жал што сега имаме најава за протести, меѓутоа, оној момент кога во Република Македонија ќе имаме ефективно рабоатно време, време поминато на работа во ефектива најмалку шест часа, да се стремиме на седум или седум ипол, колку што е по нормите, во тој момент ќе имаме услови за здрава економија. Бидејќи сега се наоѓаме во еден, јас би го нарекол магичен круг од кој што тешко можеме да се извлечеме, доколку не размислуваме во духот на пазарното размислување. Инаку, тој круг се состои од две едноставни реченици.

Првата реченица е следната: За толку пари, толку работа.

Следниот одговор е: За толку работа, толку пари.

Се се сведува на тие две реченици во државата. Се додека овој круг не биде прекинат, ние не можеме да имаме здрава и силна економија.

Следната работа која ќе мора да биде изменета е Законот за стечај. Законот за стечај по мое длабоко убедување би требало прво да претрпи измени во својот назив, затоа што тоа не е закон за стечај, туку е закон за пропаѓање на фирмите, или преведено на македонски закон за банкротирање.

Законот за стечај не би требало да има повеќе од 20 члена во кои што јасно и гласно ќе бидат презентирани сите активности кои што ќе следуваат после затворањето на една фирма. Ништо повеќе од тоа. Сега имаме закон од 200 страници со коментарите, кој што е нејасен и мал број на фирми се излезени од стечај онака како што е замислен законот. Инаку, Законот во суштина е добро осмислен.

Предлогот за донесување на законот, со предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

За збор се јави пратеникот Горанчо Трајков.

ГОРАНЧО ТРАЈКОВ:

Почитуван претседателе, членови на Влада, колеги пратеници,

Мене ми е посебно драго што овој Закон денеска е на дневен ред, посебно од причини што јас ова прашање го поставив на една од претходните седници, посветени на пратенички прашања. Значи, причините за донесување се повеќе од јасни и едноставно малку е само да се каже дека Законот треба да се донесе. Од тие причини, чувствувам потреба да дадам и еден мој коментар и мое видување за сето она што се случува, верувам дека ќе се донесе законот, пред донесување на законот и после донесување на законот.

Глобално можеме фирмите да ги поделиме во две групи, кои што ќе бидат заинтересирани за примената на овој Закон.

Во првата група се оние фирми кои што мислам дека 1997-та година, со Законот за дисконтно плаќање успеаја да платат дел од заостанатите придонеси, меѓутоа, за жал, после многу кратко време изгубија здив, но сепак се подалеку во поповолна позиција од фирмите кои што се во таканаречената втора група. Таму се фирмите кои што ниту до 1997 година не успеаа да ги платат придонесите и сега се наоѓаат во една крајно тешка и алармантна состојба, бидејќи немаат платено за повеќе од пет - шест па и седум години и долговите им се огромни.

Предлогот за донесување на законот, со предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

За збор се јави пратеникот Горанчо Трајков.

ГОРАНЧО ТРАЈКОВ:

Почитуван претседателе, членови на Влада, колеги пратеници,

Мене ми е посебно драго што овој Закон денеска е на дневен ред, посебно од причини што јас ова прашање го поставив на една од претходните седници, посветени на пратенички прашања. Значи, причините за донесување се повеќе од јасни и едноставно малку е само да се каже дека Законот треба да се донесе. Од тие причини, чувствувам потреба да дадам и еден мој коментар и мое видување за сето она што се случува, верувам дека ќе се донесе законот, пред донесување на законот и после донесување на законот.

Глобално можеме фирмите да ги поделиме во две групи, кои што ќе бидат заинтересирани за примената на овој Закон.

Во првата група се оние фирми кои што мислам дека 1997-та година, со Законот за дисконтно плаќање успеаја да платат дел од заостанатите придонеси, меѓутоа, за жал, после многу кратко време изгубија здив, но сепак се подалеку во поповолна позиција од фирмите кои што се во таканаречената втора група. Таму се фирмите кои што ниту до 1997 година не успеаа да ги платат придонесите и сега се наоѓаат во една крајно тешка и алармантна состојба, бидејќи немаат платено за повеќе од пет - шест па и седум години и долговите им се огромни.

За жал, карактеристична и за двете групи е нивниот нерегулиран сопственички статус, јас не би сакал да навлегувам во причините за оваа состојба, но во принцип според моите сознанија секаде се работи или за зголемени апетити од страна на поединци, или чисто личен интерес за материјална добивка. Друга причина нема.

Меѓутоа, работата е завршена и во недостиг или на квалитетни законски решенија, а овде морам да напомнам и неажурноста на судските инстанции е на недоволно ниво, голем дел од директните виновници за оваа катастрофална состојба во дел од општествените претпријатија сѐ уште не се казнети, меѓутоа се надевам, иако правдата понекогаш е бавна, сепак ќе дојде време кога ќе излезе се на виделина и тие ќе бидат нормално казнети. Меѓутоа, целта не ни е денеска да се занимавам со обвинителство, но би сакал да дадам неколку мои сугестии.

Во секој случај "врелите костени" се препуштени на оваа коалиција и за судбината на луѓето вработени во тие фирми ќе мораме ние да ја преземеме одговорноста и за се она што ќе се случува понатаму, без разлика на фактот што многу е тешко да се гради врз урнатини. Јас ова не го велам случајно, јас би сакал само да споменам два примера од мојата изборна единица, тоа се две фирми, во едната воопшто не е почнат процесот на приватизација, во другата делумно, се работи за ЗИК "Брегалница" и "Трико" Виница, со вкупно вработени во двете фирми околу 1000 вработени и од вкупен долг над 20.000.000 германски марки. Ситуацијата е повеќе од алармантна.

Од овие причини предлагам не само на Министерството за финансии, туку и на Владата и на сите релевантни фактори во државата донесувањето на овој закон да го сфатиме многу озбилно, сериозно и со

доста голем број пропратни активности кои што ќе мораат да следуваат после неговото донесување.

Прво, овој закон мора да биде сфатен како дополнителен поттик за конечно доприватизирање на сите претпријатија каде сѐ уште не се знае сопственоста и каде сѐ е сечие, за на крај да биде ничие.

Втората работа која што ќе мора да биде превземена доколку сакаме излез од ситуацијата е формирање на експертски групи кои ќе ја скенираат целата состојба во сите фирми кои работат со загуби, а каде што доминантен е државниот капитал без разлика по кој основ, дали како општествен, државен или на Агенција за санација на банки, како државен капитал. И, да се најде конечни решенија кои ќе дадат одговор на следните прашања.

Дали фирмата може да продолжи да работи и како, или банкротирање, или на македонски кажано пропаѓање на фирмите и изнаоѓање на нови начини на функционирање. Мораме да бидеме свесни дека овој процес колку и да е болен сепак е неминовен за излез од и така тешката ситуација. Мене ми е посебно жал што не наоѓаме разбирање токму во овој дел и сега имаме веќе најави за одредени демонстрации, или најави од типот дека некој ги има распродадено претпријатијата или сака да ги распродаде претпријатијата, меѓутоа, ние мораме да сфатиме дека за да имаме здрава економија, значи во државата можеме да имаме здрава економија во оној момент кога во секоја фирма ќе се знае кој е главен, кој ќе има најголем профит од успешното работење на дадената фирма или кој е виновен за лошото работење во одредена фирма.

Инаку, при пропаѓање на фирми во развиените земји, за жал не е ретко практикуван метод е самоубиството. Кај нас во државата, јас се уште немам слушнато за таква појава. Кај нас во изминатите десетина години

доста голем број пропратни активности кои што ќе мораат да следуваат после неговото донесување.

Прво, овој закон мора да биде сфатен како дополнителен поттик за конечно доприватизирање на сите претпријатија каде сѐ уште не се знае сопственоста и каде сѐ е сечие, за на крај да биде ничие.

Втората работа која што ќе мора да биде превземена доколку сакаме излез од ситуацијата е формирање на експертски групи кои ќе ја скенираат целата состојба во сите фирми кои работат со загуби, а каде што доминантен е државниот капитал без разлика по кој основ, дали како општествен, државен или на Агенција за санација на банки, како државен капитал. И, да се најде конечни решенија кои ќе дадат одговор на следните прашања.

Дали фирмата може да продолжи да работи и како, или банкротирање, или на македонски кажано пропаѓање на фирмите и изнаоѓање на нови начини на функционирање. Мораме да бидеме свесни дека овој процес колку и да е болен сепак е неминовен за излез од и така тешката ситуација. Мене ми е посебно жал што не наоѓаме разбирање токму во овој дел и сега имаме веќе најави за одредени демонстрации, или најави од типот дека некој ги има распродадено претпријатијата или сака да ги распродаде претпријатијата, меѓутоа, ние мораме да сфатиме дека за да имаме здрава економија, значи во државата можеме да имаме здрава економија во оној момент кога во секоја фирма ќе се знае кој е главен, кој ќе има најголем профит од успешното работење на дадената фирма или кој е виновен за лошото работење во одредена фирма.

Инаку, при пропаѓање на фирми во развиените земји, за жал не е ретко практикуван метод е самоубиството. Кај нас во државата, јас се уште немам слушнато за таква појава. Кај нас во изминатите десетина години

мислам дека сосема поинаку се гледаше на таа работа и дека свесно фирмите се тераа во пропаѓање, меѓутоа тоа не е денеска предмет на разгледување.

Се додека одговорноста е колективна, а профитот најчесто остварен преку така наречени, јас слободно ќе кажам - црни дупки, или дупки во законот, ниту ќе имаме здрава економија, ниту пак благосостојба за која што сите се стремиме.

Следна работа која ќе мора паралелно со донесувањето на овој закон да оди е промена во одредени законски решенија кои што ја регулираа токму економската сфера.

Првата работа е целосна отвореност на берзата, како и едукација на сите акционери. Вие знаете дека со постојните законски решенија за приватизација донесени некаде 1995-тата година кај нас се создадоа услови за ситно акционерство. Јас постојано сум во контакти со граѓаните, со акционерите и имам впечаток дека едукацијата е на страшно лошо ниво. Страшно лошо ниво од причини што постојано од изминатиот период биле уценувани дека доколку некој ги изгуби сопствените акции, ќе се случи да биде истеран од работа и слично. Мислам дека во тој дел, особено Министерството за финансии или Агенцијата за прифатизација треба да се најде начин, во соработка, може да биде вклучен и синдикатот, да биде извршена комплетна едукација на сите акционери. Да расчистиме еднаш во државата што значи да бидеш акционер во одредена фирма од една страна и што значи да имаш работен однос со таа фирма и обврските што произлегуваат од тоа. Ова мораме да го направиме од причини што Законот за приватизација, каков е таков е, дали е добар или не, тоа е предмет на друга дискусија, јас лично сметам дека не е добар, меѓутоа, тоа е завршен процес и мораме да одиме според тоа. Едукацијата мора да се заврши, да

дојде процес на окрупнување на капиталот. За жал високо развиените земји веќе одат кон уситнување, меѓутоа кај нас процесот е на почеток. Тоа е едната работа.

Следната работа е промени во Законот за работни односи. Мене ми е навистина жал што сега имаме најава за протести, меѓутоа, оној момент кога во Република Македонија ќе имаме ефективно рабоатно време, време поминато на работа во ефектива најмалку шест часа, да се стремиме на седум или седум ипол, колку што е по нормите, во тој момент ќе имаме услови за здрава економија. Бидејќи сега се наоѓаме во еден, јас би го нарекол магичен круг од кој што тешко можеме да се извлечеме, доколку не размислуваме во духот на пазарното размислување. Инаку, тој круг се состои од две едноставни реченици.

Првата реченица е следната: За толку пари, толку работа.

Следниот одговор е: За толку работа, толку пари.

Се се сведува на тие две реченици во државата. Се додека овој круг не биде прекинат, ние не можеме да имаме здрава и силна економија.

Следната работа која ќе мора да биде изменета е Законот за стечај. Законот за стечај по мое длабоко убедување би требало прво да претрпи измени во својот назив, затоа што тоа не е закон за стечај, туку е закон за пропаѓање на фирмите, или преведено на македонски закон за банкротирање.

Законот за стечај не би требало да има повеќе од 20 члена во кои што јасно и гласно ќе бидат презентирани сите активности кои што ќе следуваат после затворањето на една фирма. Ништо повеќе од тоа. Сега имаме закон од 200 страници со коментарите, кој што е нејасен и мал број на фирми се излезени од стечај онака како што е замислен законот. Инаку, Законот во суштина е добро осмислен.

Затоа ќе го поддржам донесувањето на овој закон, бидејќи е приоритетен, ќе даде доста поволности за идните вложувачи, бидејќи се работи за фирми во исклучително тешка економска ситуација, меѓутоа би сакал да апелирам до сите релевантни фактори до државата, пред се до Владата на Република Макеоднија и до сите ресорни министерства со целиот свој потенцијал да се засеме за сите фирми во државата, а се со цел да се прекине агонијата која трае повеќе од 10 години. Ние знаеме дека сега имаме директиви за санирање на 12-те загубари, во државата, јас сум убеден дека после нивното санирање, ќе имаме санации и на сите останати. Јас спомнувам за пример кој што е само во Виница, тоа се 1.000 вработени, со 20.000.000 германски марки долгови, верувам дека и во другите градишта е така и мислам дека не би требало да чекаме и да одолжуваме со она што секако ќе се случи, дали сега, или за година - две, меѓутоа тоа е процес низ кој што мора да поминеме. Мојот предлог е сето тоа да се заврши колку што е можно побрзо.

САВО КЛИМОВСКИ:

Благодарам на господинот пратеник Горанчо Трајков.

Збор има господинот пратеник Ванчо Чифлиганец.

ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги и почитувани министри во Владата на Република Макеоднија,

Уште на самиот почеток сакам да бидам одговорен пред овој Парламент како пратеник, Предлог за донесување на овој закон за начинот на заостанатите неизмирени обврски по основ од плати и персонален данок

со Предлог закон целосно ќе го прифатам, ќе го поддржам и за него ќе гласам од следните причини.

Целта на нас како Парламент, како пратеници е давениците треба да се спасуваат, а не да се притискаат. Таа намера, тој мотив на Владата и пред овој Параламент, треба да се поддржат. Но кога веќе го поддржуваме и кога влегуваме во целосна, потполна одговорност како субјекти и како пратеници треба да направиме барем една генерална селекција, рековме од кои причини го поддржуваме, солидарни и спсување, но треба и пред овој Парламент да се каже, а јас сакам тоа да го кажам како стопанственик повеќе од 10 години, наоѓајќи се на една прва челна функција на фирма со повеќе од 1.000 вработени.

Во изминатиот период кога ме викаа во Стопанска комора и со право ме викаа дека треба да се солидаризираме, треба да се направи една селекција кои се оние субјекти, барем како пратеници овде, како влада на Република Македонија, како комисии, не сум сега да се пушти во етерот и да правиме "свадба" од стопанските субјекти кои се, или од субјекти менаџери кои ги водат тие фирми. Зошто го велам тоа? Да се направи селекција кои се оние фирми кои што ние и во претходниот систем, мене не ме инстересира дали претходната Влада, претходниот систем или сега, имавме еден толерантен однос, сега пак толерантен однос и до кога? Зборот ми е, ако имаме ние дејности, стопански субјекти по основ кои сме ги ослободувале и сега пак ја прифаќаме солидарноста наша према нив, дали е тоа од оправдани или од неоправдани причини. Дали некоја дејност има перспектива, дали некој по којзнае кој пат, повеќе децении наназад стално има некоја поддржувачка, толерантна состојба во општеството, во државата и до кој пат во наредниот период ќе го правиме. Можеби некогаш е подобро, што зборуваше колегата Горанчо да биде под стечај, да биде ликвидиран физички како стопански субјекти, ако немаме надеж дека постои светла

иднина за тој стопански субјект. Од објективни причини зборував јас. Знаете дека секоја компанија се раѓа, расте, има своја максимална зрелост и во даден момент кога не може да се носи со конкуренцијата на домашен и странски пазар, тоа се има свој почеток, свој зените и свој крај. Од тие причини, барам од ресорните министерства, од субјектите одреден број на стопански субјекти кои немаат перспектива, ние не сме волшебно стапче да кажеме овој бил добар, сега е лош, може. Од објективни причини не може да се направи. За тоа сум за да се селектираат претпријатијата, дејностите кои немаат перспектива.

Исто така, за наш одговорен однос, на Владата, не зборувам за кој состав, претходен, сегашен или иден, треба да се има во вид, барем пред оваа фела, пред овие луѓе кој е оној субјект, јас се залагам за една одговорност морална, претпријатијата имааат ли перспектива, но со неговиот менаџерски однос, негов објективен или субјективен, знаечки или незнаечки не бил во состојба од незнаење, од Компанијата која ја води ја довел да се вклопи во овој Закон. Има такви. Тоа не е срамота да се каже, барем ние да го знаеме дека тука каде што одлучуваме дека тој субјект со неговиот однос сакајќи, несакајќи, дали сакал или не сакал, он штета направил наоѓајќи се на челните позиции на таа дејност и да се вклопи во тој систем. Тоа не го зборувам за да наштетам на некого, ниту пак сега го замислувам кој е тој, и да знам од ова место не би го кажал, но би се залагал за такви луѓе да нема место, затоа што ние и понатаму на истите луѓе, на истите субјекти, дали во минатиот период, дали пред 5 - 10 години или сега и даваме доверба, пак да бидат на одговорни функции, советници, заменици, помошници во јавни и државни претпријатија итн. Да не се повторува историјата, грешката што сме ја правеле, затоа треба, јас препорачувам на Владата, тие луѓе не се за да ги вртиме во новините, но во нашите глави, во одборите, комисии, ресорни министерства, треба да се знае кој од злато направил кал, кој од кал

направил железо, од железото злато, а такви менаџери во Македонија ги има многу. Затоа што многу субјекти, на мене ми сметало кога пред пет години ме викале во Комората, морам да бидам искрен, тоа и тоа претпријатие се ослободува, јас се чудам како до сега функционирале, а нема - нема ќе го спомнам на менаџерската топ-листа за добар менаџер, а не платил придонеси, не платил друго, со тоа го задолжувал претпријатието и друго.

ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ: (Продолжение)

Дури, одам до тој степен кој стопански субјект, која фирма ја задолжувала државата, а сега таа држава е солидарна и треба да биде солидарна, јас не велам кога има начин не треба да биде,напротив ги презема долговите. А пак истите субјекти, сепак субјектите ги прават стопанските субјекти, одат натаму.

Затоа, давама поддршка не поради тоа што сакав да дадам, туку затоа што поголем број на претпријатија од објективни, но и од субјективни причини се во неповолна состојба. Би сакал да знам кои се тие фирми што намерно биле под стечај. Сакам да знам што намерно правел тој субјект, да биде под стечај, јас да го купам претпријатието или да го купи друг. Тоа е невиден злочин. Невиден злочин над државата, не на државниот капитал, туку воопшто на капиталот. Такви луѓе треба да имааат барем морална одговорност и да нема понатаму доверба од нас, структурите.

Јас, 11 години бев на чело на фирма со 1000 луѓе, со една дејност атрактивна - неатрактивна, со претпријатие што е најсиромашно во светот и тн., но ниту во еден момент не дозволив 1% еден промил да се затаи придонес кон државата. Од тие причини се залагам за одговорен однос пред компанијата, пред државата,пред Парламентот. Затоа, господине претседателе го поддржувам овој Предлог-закон со забелешките и сугестиите што ги давам да ги имаме во предвид во моментот и во наредниот период.

Благодарам.

САВО КЛИМОВСКИ:

Му благодарам на господинот пратеник Ванчо Чифлиганец.

Збор има госпоѓа пратеник Диспина Марковска.

ДИСПИНА МАРКОВСКА:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Влада, почитувани колеги пратеници,

Во прилог на донесувањето на овој закон сакам на кратко да ги изнесам состојбите на материјално-финансиското работење на некои фирми во мојата изборна единца Малешевијата и Блатец која пред неколку децении, па и години наназад беа доста успешни, а сега се блокирани жиро сметки со неисплатени плати и придонеси 6-7 години, со трансформација отпочната и застаната на место, со раскрчмен општествен капитал и со голема сиромаштија на големиот процент на вработени.

Ќе започнам од нашиот агрокомбинат "Малеш", ЗИК кој сега е пререгистриран во "МАЛЕШ-ЕКСПОРТ" Акционерско друштво. Се до 1993 гопдина Комбинатот покажуваше добри производствени резултати, финансиски и други, но после тоа, со спроведување на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал Комбинатот започнува да се соочува со големи потешкотии во работењето. Седум години има блокирана жиро сметка, отежнато нормално обавување на својата дејност, а згора на тоа, разграбување на имовината, т.е. со еден капацитет од 3.000 овци направени на 30, со фарма од 150 крави на 20 крави, возен парк, свињарска фарма, млекара, ракијара, сушара на овошје што е можеби единствена во Републиката, сокара најдобра по плодна површина во Беровско Поле, засади на вишни, на црна слива, пасишта најубави во нашатапланина Бреза, кланица, месари и тн.Меѓутоа, сето тоа е уништено до таа мерка што од сиот тој капацитет, со толкав потенцијал за производство, здрава храна, неможат да се прехранат 113 семејства на вработенит во тоа претпријатие. Моментално претпријатието располага,поради преструкуирање и смена на директорот и со помош на Владата има 80 крави молзници, со 100 овцеи, млекара што во моментот работи во кооперација со Битолска млекара бидејќи е дадена 5 години под наем, кланица за

внатрешен пазар, погон за преработна на алкохолни пијалоци, погон сушара за сушење на овоштие, единствена во Републиката, потоа обработлива површина со 570 хектари насади на сливи, вишни, механизаија и тн. Тоа успеа за неполна година сегашниот директор да го консолидира и да започне како-така да работи , во една многу тешка состојба од оја излез може да се најде доколку му се помогне да ги плати неплатените обврски со одложено плаќање, како што предлага законот.

Со решавањето на овој проблем на придонесите и даноците ќе се овозможи бројот на вработните да се намали за околу 25%, затоа дшто тој дел од вработените ќе го исполнат условот за редовна пензија, а со тоа и ќе се остварат можностите за ново вработување на млади и способни луѓе. Ке се поврати и вербата на вработните во претпријатието и ќе се зголеми продуктивноста. Претпријатието располага со капацитет и капитал кои, со добра организација на работењето може да се обезбеди солидна егзистенција на вработените. Оваа фирма има неплатено вкупно даноци 38.932.673.000 денари.

Друга фирма, интересна во мојата изборна единица, исто така со седум години неисплатени придонеси и плати или уште фигурира како претпријатие во општествена сопственост, тоа е претпријатието "Малеш-Транс" што беше едно од најдобрите транспортни претпријатија во Македонија. Во него има 115 вработнни со блокирана жиро сметка од 1993 година. Во составот на Малеш Транс работат следните единици: РЕ во Берово, погон во Струмица и Работна единица угостителство Хотел "Македонија" со 48 вработени. Вкупно има 115 вработени.

Во"Малеш Транс"-Берово во 90-тите години започнува со приватизација на средствата и трансформација на општествениот капитал, така што ги продава камионите на вработените. Тоа е и основната причина

за отпочнување на неуспешното работење и раскрчмување на имовината, неизвршување на сите обврски кон државата. Згора на тоа, хотел "Македонија" што беше гордост на градот го ставаат под хипотека за да земат 350.000 германски марки за да си купат камиони директорот и неколку миленици околу него за што до денеска не се вратени парити ниту долгот на претпријатието. Почнувајќи ја вака приватизацијата од 1993 година "Малеш-Транс" не ги испластува платите и придонесите и сите други обврски спрема вработените и државата, па доаѓа до блокирање на жиро сметката и така е ставена во неможност да ги намири ни побарувањата на доверителите. Барајќи начин за излез од тешката состојба, ја раскрчмуваат имовината и настапува тотално неработење.

Како најголеми должници во времето на приватизацијата а и денеска се јавуваат десетина вработени што ги зеле камионите но не ги намириле обврските по долговите. Како најголеми должници се јавуваат лицата од тимот на раководители или блиски до нив, па за таа цел сега се ангажирани надлежните државни органи за утврдување на состојбата на документацијата, заради евентуална присилна наплата. За разрешување на проблемот со неисплатените придонеси и даноци на вработените се обидуваме да се изнајде можност за решение, а таа можност сега ја гледаме во донесувањето на тој закон. Оваа фирма има неисплатено даноци и придонеси од 1993 до 1999 година 33.133.296 денари.

Сега, ќе ви ја презентиран состојбата на една многу интересна фирма во Малешевието, конкретно во Берово за производство на играчки "МАКЕЛ-ИНТЕРНАЦИОНАЛ". Оваа фирма беше основана на 10.12.1997 година со многу фалби и надежи дека ќе се вработат 660 лица, а се вработија само 60. И ден денеска тие лица не земаат плата, а беше речено дека ќе имаат солидни плати и сугурен пласман на овие играчки. За оваа фирма, државата Македонија даде 3 милиони марки кредит на газда грк кој не донесе ни една марка инвестиција во Македонија.

Што е најинтересно под хипотека е потпишано машини, што требаше да се донесаст нови машини а се донесоа стари машини и фигурира дека овие машини изнесуваат некаде околу милион и двеста илјади марки. Сега, оваа фирма не работи, не функцоинира, работниците се дома не замаат плата, не им се плаќаат придонеси. По увозот на машините и калапите се започнува со некакво минимално производство и фримата почнува да се среќава со проблеми на пласманот. Од почетокот на работењето па до ден денеска е направена реализација од околу 150 илјади марки, се на се за три години толкава реализација е постигната. За кратко време средствата од кредитот во висина од 2 милиона и 700 илјади германски марки се потрошени и фирмата е доведена во ситуација да нема финансиски средства да ги плати ни најосновните обврски како електрична енергија, вода, плати и придонеси: Фирмата се наоѓа во едно крајно тешка и безизлезна ситуација. Не се исплатени ни плати и придонеси во висина од 300 илјади германски марки,неисплатени се царини и камати во висина од еден милионо германски марки и обврски имаме кон Стопанска банка од милион и двеста илјади германски марки. Спрема добавувачите 150 илјади германски марки. Значи вкупен долг фирмата има 4 милиони 550 илјади германски марки, а уште што е најинтересно газдада на фирмата е грк кој доаѓа во Македонија без пари, а од кредитот нема веќе ништо, даден од нашата банка. Состојбата е жална бидејќи тој кредит во висина од три милиони марки 60 семејства ништо да не работеле, да не се ангажирале можеле да земаат 15 години по 200 марки и да седат дома, а плус можело да им се купи и по една крава да чуваат дома и ќе било многу пополезно и за нив и за општеството. Да не ги редам фирмите имаме повеќе такви фирми во Малешевијата кои што, навистина, вработените жалат што нема со години исплатени придонеси и плати а имаме под стечај фирми 4 и 5 години што се во безизлезна ситуација.

Затоа, да не должам повеќе, овој закон го поздравувам и го поддржувам не само јас туку и сите вработени од фирмите во Малешевијата.

Благодарам на вниманието.

САВО КЛИМОВСКИ:

Благодарам на госпоѓата пратеник Диспина Марковска.

Уште еднаш ги молам сите пратеници да ги исклучат мобилните телефони. Не се ова канцеларии каде можат да разговараат. Во овој момент четири-пет пратеници разговараат на мобилните телефони.

Ве молам, господа пратеници, со влегувањето во оваа сала исклучете ги мобилните телефони. Во секој момент можете да излезете и да телефонирате ако ви треба. Ова е, навистина, една грда слика. Постојано звонат телефоните, пречат на радиофонијата овде, вие постојано говорите, не ја следите седницата,па подобро излезете надвор. Јас незнам како на друг начин да апелирам.

Ова е несериозно. Македонската јавност нѐ следи, нѐ гледа, ова изгледа како бизнис-клуб, а не Парламент. Ќе ве молам, од сега да не се случи понатаму да ви звонат телефоните во Парламентот. Излезете надвор па таму јавете се.

Извинете што реагирам вака малку емотивно, но верувајте ми јас од овде ве гледам како сите разговарате под маса и звонат телефоните Па не иде тоа така.

Продолжуваме со расправата.

Збор има господинот пратеник Илјаз Сабриу.

ИЛЈАЗ САБРИУ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Мислам дека на дневен ред денеска имаме еден доста важен и добар закон, според мене, што треба и заслужува внимание да кажеме неколку зборови. Би сакал да кажам дека ќе бидам сосема краток, не би сакал да ги опишам сите состојби во нашите изборни единици или општини, бидејќи состојбите се такви скоро во цела Република и затоа Владата се определила за предлагање на еден ваков закон што, според мене, во подиректна смисла ќе влијае за подобрување на ликвидноста на стопанските претпријатија со оглед дека знаеме дека стопанството во последнава година се наоѓа во една крајно критична состојба и голем е бројот на организациите што се судираат со прболемот ан неликвидноста, односно кој неможат редовно да ги измируваат обрските кон фондовите на државата односно придонесите и персоналниот данок. Така што, доколку во Законот тоа е кажано и така е, дека некаде околу 50% од овој вкупен број, кои неможат редовно да исплатуваат плати и од 127 иљјади вработени, половината се од обласга на индустријата и рударството, а 97% во стопанството. На тоа укажува смаиот процент и самата бројка дека навистина е голем бројот на работниците во оваа држава кои не можат да земаат редовно плати и неможат да ги измируваат обврските кон фодновите во државата, па затоа доаѓа до нивно проблематично работење. Плус, она што е најлошото, може, доколку не се извршуваат и измируваат сите обврски, може да се отвори стечајна постапка што со Закон е така регулирано. Не сакам да алудирам сега какви решенија треба во тој закон, кога ќе дојде Законот за стечај на дневен ред, тогаш веројатно ќе можеме да се прознесеме и по таа проблематика.

Мислам дека Законот добро го решава овој проблем. Одложено плаќање на пет години, со грејс период од една година, така што веројатно со добра намера ние ќе го донесеме овој закон за да им олесниме малку на работниците,да можат и без да ги измират обврските на време, односно со одложено измирување на тие обврски, да почнат да ги земаат и тие ниски плати што ги имаат, а веројатно со тоа во подобри времиња да дојде и до подобрување на производството и веројатно еден ден ќе можеме да кажеме дека во стоапнството проблемите се помали или воопшто ги нема.

Не би сакал да се задржам околу тоа,кои се причините и зошто и тн. меѓутоа на сите ни се јасни таквите работи, зошто стопанството во Македонија е такво, кои се причините што доведоа до една таква состојба и тн. и тн. Веројатно, со оглед дека Македонија нема некое кој знае какво стоапнство, развиено, има огромен број невработени лица и мислам дека добро е што ние, како пратеници, во мала мерка, да бидеме малку самокритични, размислуваме и за стопанството. Повеќе се расправаме за други проблеми и многу полесно ги трошиме парите од Буџетот и други средства. Тоа беше пример и во последните неколку години, кога огромни средства се трошат за непроизводни цели. Мислам дека е последно и крајно време да се свртиме и кон она од што живееме сите, цела Македонија, односно од она што значи производство во Република Македонија.

Со овој закон, мислам дека овие субјекти 20 илјади и 500, колку ги има вкупно во Македонија, што се блокирани или се со блокирана жиро сметка, мислам дека ќе го олесниме нивното работење и функционирање, да не дојде до ликвидација. Со амандманите што ги предложивме на самата комисија не само стопанските субјекти, туку да бидат опфатени и индивидуалните земјоделски производители, кои, исто така данокот, персоналниот данок и сите други давачки што ги има кон државата да

Мислам дека Законот добро го решава овој проблем. Одложено плаќање на пет години, со грејс период од една година, така што веројатно со добра намера ние ќе го донесеме овој закон за да им олесниме малку на работниците,да можат и без да ги измират обврските на време, односно со одложено измирување на тие обврски, да почнат да ги земаат и тие ниски плати што ги имаат, а веројатно со тоа во подобри времиња да дојде и до подобрување на производството и веројатно еден ден ќе можеме да кажеме дека во стоапнството проблемите се помали или воопшто ги нема.

Не би сакал да се задржам околу тоа,кои се причините и зошто и тн. меѓутоа на сите ни се јасни таквите работи, зошто стопанството во Македонија е такво, кои се причините што доведоа до една таква состојба и тн. и тн. Веројатно, со оглед дека Македонија нема некое кој знае какво стоапнство, развиено, има огромен број невработени лица и мислам дека добро е што ние, како пратеници, во мала мерка, да бидеме малку самокритични, размислуваме и за стопанството. Повеќе се расправаме за други проблеми и многу полесно ги трошиме парите од Буџетот и други средства. Тоа беше пример и во последните неколку години, кога огромни средства се трошат за непроизводни цели. Мислам дека е последно и крајно време да се свртиме и кон она од што живееме сите, цела Македонија, односно од она што значи производство во Република Македонија.

Со овој закон, мислам дека овие субјекти 20 илјади и 500, колку ги има вкупно во Македонија, што се блокирани или се со блокирана жиро сметка, мислам дека ќе го олесниме нивното работење и функционирање, да не дојде до ликвидација. Со амандманите што ги предложивме на самата комисија не само стопанските субјекти, туку да бидат опфатени и индивидуалните земјоделски производители, кои, исто така данокот, персоналниот данок и сите други давачки што ги има кон државата да

ги плаќаат и оние со одложено плаќање од 5 години, мислам дека правиме една скромна добрина за ублажување на состојбите во областа на стопанството во Република Македонија.

Затоа лично го поддржувам и Пратеничката група на ПДП има став да го поддржи овој закон, бидејќи и те како и ние ќе придонесуваме малку на тие луѓе кои неможат редовно да ги земаат платите да ги измируваст нивните обврски, да им олесниме, а уште повеќе на тие работници кои ги исполнуваат условите за пензија, нема никаков проблем да има бидејќи за нив ќе има друг механизам. Во Законот многу јасно е кажано дека ќе можат редовно да се измируваат за да можат и редовно да се пензионираат.

Еве,да не должам, сакав да кажам една ваква поддршка на Законот со овие скромни, кратки мои размислувања во врска со законот.

Благодарам.

САВО КЛИМОВСКИ:

Му благодарам на господинот пратеник Илијаз Сабриу.

ЛП/ВС

САВО КЛИМОВСКИ:

Има збор г. Амди Бајрам.

АМДИ БАЈРАМ:

Почитуван г. претседател, почитувани пратеници и министри, ред беше еднаш во Република Македонија ова да дојде на дневен ред. Со промените во Република Македонија, ова што е денес на дневен ред за олеснување на овие давачки на фирми кои се блокирани, кои не можат да работат во Република Македонија, од сега натаму ние во Парламентот треба да практикуваме да го практикуваме ова, пратениците и Владата повеќе да работат на ова. Зошто? Ако економијата и стопанството во Република Македонија не функционија, а со тоа се знае дека е колапс во државата, без разлика ние да расправаме за секакви други работи, ако денес некој граѓанин кој живее од тоа и парчето леб од таму го вади, ако не може со другите работи во фамилијата да опстане и да придонесе во својата фамилија за да опстане, тоа е многу тешка работа. Со ова правиме нешто многу добро за Република Македонија, значи, навистина одиме на некои промени. Баравме промени во Република Македонија и ова е промена. Ова за стопанството многу вреди, за граѓаните на Република Македонија е големо олеснување и мислам дека и понатаму тоа треба да го преземаат во Владата и сите министри, повторувам и ние пратениците да бидеме повеќе ангажирани околу оваа работа за граѓаните, за стопанството и економијата во Републиката, затоа што ако немаме стопанство, немаме економија, немаме држава, да знаете. Бидете сигурни, празен џеп денес ништо не создава, на полн џеп секаде му е отворена вратата.

Затоа, ова ќе поддржам како пратеник и барам и во иднина што почесто да заседаваме за ваква работа.

САВО КЛИМОВСКИ:

Му благодарам на г. пратеник Амди Бајрам.

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок. Ги молам пратениците кои се надвор излезени да влезат во салата, затоа што поминуваме на гласање.

Значи на Собранито му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за начинот на плаќање на заостанатите неизмирени обврски по основ на придонеси од плати и персонален данок од доход.

Ве молам да гласаме. (по гласањето)

76 пратеници гласаа за, воздржани немаме, против се двајца.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

(по гласањето)

75 пратеници гласаа за, воздржани нема, и двајца се против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам,кој бара збор?

Има збор г. пратеник Никола Поповски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине претседателе, иако гласањето веќе започна, со оглед на резултатите кои се појавуваат при гласањето, сакам да укажам на фактот дека пратеничката група на СДСМ го поддржува донесувањето овој закон и целосно го поддржува со гласање “за” законот.

САВО КЛИМОВСКИ:

Веќе се забележува тоа, мислам во бројот на гласовите, вред е.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи друг никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани за преформулирање на член 1, член 2, член 4 ставови 1 и 2, член 5, член 6 ставови 1 и 2 и на член 7.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандмани на член 1, член 3, член 4 за додавање нов став 2 по ставот 1 и на член 7, со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Илија Лазаров и Горанчо Трајков поднесоа амандман на член 6 став 1, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за преформулирање на член 1, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил претставникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г. Јордан Марковски.

ЈОРДАН МАРКОВСКИ:

Се прифаќа.

САВО КЛИМОВСКИ:

Отворам претрес по амандманот на член 2, поднесен од Законодавно-правната комисија.

И со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г. Јордан Марковски.

ЈОРДАН МАРКОВСКИ:

Се прифаќа и овој амандман.

САВО КЛИМОВСКИ:

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 1 и 2, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г. Јордан Марковски.

ЈОРДАН МАРКОВСКИ:

Се прифаќа.

САВО КЛИМОВСКИ:

Се прифаќа и тој амандман.

Отворам претрес по амандманот на член 5, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Дали се согласува и претставникот на Владата.

ЈОРДАН МАРКОВСКИ:

Да.

САВО КЛИМОВСКИ:

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 1, поднесен од пратениците Илија Лазаров и Горанчо Трајков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г. Јордан Марковски.

ЈОРДАН МАРКОВСКИ:

Се прифаќа и овој амандман.

САВО КЛИМОВСКИ:

Се прифаќа, значи тој станува составен дел.

Отворам претрес по амандманот на член 6 ставови 1 и 2 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г. Јордан Марковски.

ЈОРДАН МАРКОВСКИ:

Се прифаќа.

САВО КЛИМОВСКИ:

Прифатен е.

Отворам претрес по амандманот на член 7, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г. Јордан Марковски.

ЈОРДАН МАРКОВСКИ:

Се прифаќа и овој амандман.

САВО КЛИМОВСКИ:

Ќе ве молам, г. пратеници, продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(по гласањето)

77 пратеници се изјаснија за, воздржани и против нема.

Констатирам дека Собранието едногласно го донесе Законот за начинот на плаќање на заостанатите неизмирени обврски по основ на придонеси од плати и персонален данок од доход.

Убаво е што одиме вака.

Преминуваме на 4-тата точка - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за платниот промет, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувм претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на Законот за платниот промет.

Ве молам да гласаме.

(по гласањето)

72 пратеници гласаа за, воздржани и против нема.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Ве молам да гласаме.

(по гласањето)

74 пратеници гласаа за, воздржани и против нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(по гласањето)

75 пратеници гласаа за, воздржани и против нема.

Констатирам дека Собранието едногласно го донесе Законот за изменување на Законот за платен промет.

Преминуваме на 5-тата точка - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави г. пратеник Азис Положани.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Господине претседателе, дами и господа пратеници, свесен сум дека не се работи за обемен закон и како што пишува во самиот предлог, целта е да се допрецизираат некои одредби од технички карактер и за поедноставување на самата процедура. Мислам дека има нешто што би можело тука да се интервенира, да се подготви еден амандман, но сакав да образложам за самата содржина на законот. Имено, би бил многу среќен кога овде би донесувале само закони за благосостојба и за одредени состојби во стопанството кои би значеле благосостојба и напредок, но за жал ние мораме да се занимаваме и со другата страна на медалата која честопати не е најсјајна и ретко имаме прилика да им се оддолжиме на тие луѓе во некоја смисла кои се дел од ова општество и преку некои закони нивната судбина зависи и од нас.

Гледајќи го законот и разгледувајќи ги членовите, во член 25 гледам едно поранешно решение, со кое се определува висината на надоместокот на лицата на кои им треба помош од друго лице. Пишува вака: "не може да изнесува помалку од 21%". Значи, остава можност најмалку да биде 21%, а со решение на Владата или веројатно на министерот како дискреционо право е тоа да се определува на повисок степен. Со оглед на тоа, јас имам напишано и во образложението, се помалку има можности државата да организира установи и институции каде ќе ги прифати луѓето од оваа категорија граѓани од една страна, и поради тоа што тие секогаш паѓаат за жал на товар на семејството - се извинувам што го употребувам зборот товар, но тоа навистина е грижа на самото семејство и поблиските - мислам дека со еден повисок процент треба да се оди, бидејќи и самиот тој процент е мал и просечната плата во Република Македонија е мала, па според тоа и самиот тој процент е толкав, а номиналниот износ е 1900 денари, што не ги покрива ниту минималните потреби на оваа група граѓани. Со една добра волја на Владата и на пратениците од овој Парламент очекувам да им се излезе во

пресрет на оваа група граѓани, кои се понекогаш во одминати години, со неможност да се третираат во институции какви што постојат во понапредните држави, јас мислам дека можеме да направиме еден обид, со зголемување на тој процент од 21% на 30%, како што имам предложено заедно со колегите во амандманот, за да им се ублажи малку состојбата, значи и во вакви услови без да бараме некои решенија кои знаеме дека за општеството се скоро невозможни. Со тоа, да придонесеме да се ублажи таа нивна потреба.

Затоа, без да имам несогласување со начелата на законот, јас ќе го поддржам, но поради наведените причини би сакал поддршка и од Владата, во секој случај и од Парламентот, овој процент да биде најмалку 30%, дотолку повеќе што со овој закон не се остава простор на самата Влада и на министерот, доколку тој процени во одреден момент дека има и финансиски можности тој процент да биде малку повисок во догледно време, да се фиксира. Значи, нема ширина, тука се фиксира на 21%. Ако е така, нека биде тој процент фиксиран на поголема височина, поради самата можност, значи и предходно таа можност била повисока, проценката била на Владата или министерот тоа да го процени, а бидејќи веќе со закон тоа се фиксира, нема можност за друг пристап, молам за разбирање за овој процент сепак да се најдат средства и можност бидејќи ценам дека тоа не е голем износ и голем број на потреба за таква помош, да се прифати овој предлог.

САВО КЛИМОВСКИ:

Му благодарам на г. пратеник Азис Положани.

За збор се јави г. пратеник Радомир Карангелески.

РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:

Почитуван претседател, почитувани претставници на Владата, дами и господа пратеници, јас бев во дилема дали сега да се јавам за дискусија, кога

расправаме дали да го донесеме законот или после усвојувањето односно заклучокот да го донесеме законот околу текстот на законот. Ќе објаснам зошто постои дилема.

Бидејќи пратеничката група на ДА се согласува со донесувањето на еден ваков закон, меѓутоа, во неколу членови, на пример во членот 25, се применуваат термини кои не се во согласност со новата национална класифиркација на дејности, усогласени со ЕУ. Сега амандмански не ќе имаме можност да ги измениме овие работи во законот и едноставно, а има потреба заради овие причини што ги спомнуваме, текстот на законот да се измени. По прецизно, на пример, поделба на дејности на стопански и нестопански не се во согласност со новата национална класификација, што е усогласена со ЕУ и во членот 25 на пример има некои проценти од просекот во нестопанството, значи врз база на некоја група дејности што повеќе не постои. Искрено имаме дилема, но не знаеме како да ја разрешиме. Ние сакаме да се донесе законот, ќе гласаме за донесување на законот, во текстот бараме измени, но тие не се можни само амандмански од причини што целава дејност на некој начин не е усогласена со оваа класификација. Евентуално би побарал помош од претставникот на Министерството за труд и социјална политика ако може да даде предлог како да се излезе од оваа ситуација или да побараме одлагање да се усогласи текстот на законот со националната класификација.

САВО КЛИМОВСКИ:

Му благодарам на г. Радомир Карангелески.

Тука е заменикот министер за труд и социјална политика.

Господин Георгиев дали можете да одговорите на ова прашање.

РИСТО ГЕОРГИЕВ:

Почитуван претседател, почитувани пратеници, би сакал да кажам дека во текстот како што е во членот 25, постојаната парична помош да биде со проценти како што е долу кажано од нето платата по работник во нестопанството е најприфатлива за корисниците на постојана парична помош, затоа што кај нас просечните плати се во стопанство, во нестопанство и просечна плата во Република Македонија. Просечната плата во нестопанството е со највисок износ и затоа е најприфатливо за нив.

САВО КЛИМОВСКИ:

Господинот Карангелески би сакал да реплицира.

РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:

Да дообјаснам, не се работи за решението, немаме ништо против решението, меѓутоа, не соодветствува терминологијата. Повторно ќе се најдеме во ситуација, од овие причини, текстот да се врати на измени и дополни. Не спорам со решението ниту со текстот, како проценти, туку да се најде соодветна формула за термините што се употребуваа според националната класификација.

САВО КЛИМОВСКИ:

За збор се јави г. Ѓорѓи Котевски.

ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:

Господине претседателе, сакам само да помогнам. Имало вкави случаи од поранешна Југославија, кога сме имале одредени закони, па моравме внатре цели реченици или зборови да менуваме. Мислам дека треба денес да го донесеме законот, меѓутоа, понатаму доколку Владата се сретне со еден таков проблем од терминолошка природа, тоа лесно се менува, оди кратко на

седница, се менуваат само тие термини и ништо повеќе. Знам дека не се изменети, меѓутоа ништо не ни пречи, суштински не ја менува работата да влегуваме во расправии, туку да го донесеме законот денес. Тоа е најцелесообразно решение.

САВО КЛИМОВСКИ:

Му благодарам на г. Ѓорѓи Котевски за учеството во расправата.

За збор се јави г. пратеник Мухамед Таири.

МУХАМЕД ТАИРИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, бидејќи овој закон се работи од технички карактер, но е од интерес на групацијата на граѓаните кои се корисници на оваа помош, тука има олеснување во членот 5 на пример, групацијата е корисник од месецот кога ги доставува документите, а порано беше поинаку, од моментот кога се решаваше овој проблем, па затоа, јас мислам дека овој Предлог на закон треба да се прифати и да се гласа.

САВО КЛИМОВСКИ:

Му благодарам на г-динот пратнеик Мухамет Тахири, за збор се јави г-дин пратеник Александар Гештаковкси.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ

Г-дине претседателе, како претседател на Матичната комисија за социјална политика, колку би можел да придонесам во расправата точно е дека овој закон претрпува некој технички измени и во право е г-динот Карангелески кога кажува на одредени недоследности и на терминолошки изрази. Но јас семтам, врз основа на сознаињата, како претседател на тоа тело, од контактите со Министерството, ќе слеци целосна раформа и нов закон за социјална заштита, во најкратко време, како е најавено од Министерството.

Јас тоа би предложил да се усвои овој закон, бидејќи се работи за конституирање на одредени институции во овој период, а целосно усогласување , со правниот систем, односно со уставните решенија на Република Македонија, би следеле во нахнадната фаза, кога би имале целосна реформа, односно нов закон за регулирање на ова право.

Би предложил, да го усвоиме, односно да ја продолжиме расрпавата по овој закон.

САВО КЛИМОВСКИ:

Јас ви благодарам. Мислев во таа насока и да заклучиме. При донесувањето на законот да имаме еден работен заклучок, дека сите идни закони, ќе треба да ги усогласуваме, со Европското законодавство и терминолошки, за во иднина. Но, суштината е јасна.

И во таа смисла, немаме никакви разидувања овде, а ова што е укажано тоа би требало минситерствата, не само ова Министерство, утре ќе дојдат и други закони, со старата терминологија, практично да го акцептираат Европското законодавство во оваа насока. Во друга смисла, јас не гледам разлики на оваа седница.

АЛЕКСАНДАР ГЕШРАКОВСКИ:

Мислам дека нема потреба од донесување на посебен заклучок, тоа е основна задача, како на Владата , така и на овој законодавен Дом, а тоа често го правиме со усогласување на ЗПК, со оваа контрола на сите термини, што се изречени во Уставот и во другие петходни закони. Тоа го правиме и затоа е честа на овој Парламент, може, е не примерно, имате забелешки од ЗПК, кои даваат тенички амандмани. Но сето тоа е во примена на уставните функции и затоа мислам дека нема потреба, тоа е наша основна задача на сите органи и на овој Парламент.

САВО КЛИМОВСКИ:

Мислам дека и вие г-дине потпретседателе се согласувате со тоа.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Токму и тоа ми е целта. Статистика е орган кој ќе ги спроведува законите, а не ние, како законодавен Дом, да се вклопуваме во работаа на статистиката. И затоа, г-дине Гештаковски што го потврди и г-динот Карангелески што го предлага, навистина, мора во иднина да го избегнеме.

Дали ќе биде работен заклучок, или не, овде, наша обврска на овој Законодавен Дом е тоа да го направиме.

САВО КЛИМОВСКИ:

Гледам се јавуваат многу луѓе, кои ќе зборуваат за терминологијата. Ако иамте нешто суштинско да кажете. Но во суштина, да не навлегуваме во друга расправа да кажеме овој е попаметен од другиот итн.

КИРИЛ АНДОНОВСКИ:

Ние во ЗПК, многу обврнуваме внимание на таа уставна терминологија. Меѓутоа, поради тоа што законодавството ни е такво, затоа што ние, со затекнати термини, ние не можеме да исправаме неко работи, односно некои претходно доставуваа некои термини, кои во законодавството не се влезени. Наприме, установи, институции и незнам што. Ние не знаеме да им дадеме соодветна законка регулатива, но се трудиме барем приближно да биде и да асоцира на нешто. Иако нешто не чини тие закони, што трба да бидат донесени, ние со тие термини манипулираме. Затоа, мислам тоа не треба да биде пречка во донесувањето на вакви закони.

АМДИ БАЈРАМ:

Почитуван претседател, почитувани пратеници, почитувани господа министри,

Денеска имаме предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за социјална заштита.

Јас би сакал нешто да дискутирам околу ова. Вие знаете дека јас припаѓам на Ромската националност, кое ја најзагрозена во Република Македонија по социјалната заштита и сакам да образложам овде во Парламентот за да се донесе некоја одлука, или да се земе предвид. Има доста Роми, кои примаат социјална помош, кои не

не се вработени и ќе им дојде некоја комисија за социјална помош дома и ако имаат дома телевизор или фрижидер ќе кажат дека не му следува социјална помош. Јас мислам дека тоа е против законот што сега го кажувам и кој треба да го донесеме. Не знам дека друг пат не треба тоа да се случува, затоа што ние сега дискутираме за ова, а јас дискутирам за болните точки, по кои никој не сака да дискутира. Тоа се случува и кај ромире и кај другите. Значи, имам забелешка околу тоа и сакам друг пат кога ке оди некоја комисија и кога треба да се додели социјална помош на некое семејство, дали од ромска националност или од македонска националност, без разлика на која националност припаѓа, јас мислам дека граѓаните се рамноправни и на сите тие им следува социјална помош. Тоа би требало да се земе предвид . Инаку, има случаи кога се шкекулира. Ова сакам да го знае Палраментот

Има луѓе од Минситерството за труд и социјална кои ја делат помошта, кои ги запишуваат тие семејства, а има пуштено свои луѓе, ова е многу битно Парламентот да го знае, бидејки е од старите корени, не се расчитени тие корени, корени на мито и корупција. Ќе одат кај тие фамилии и ќе им кажат "дајте ни 200 марки, ако сакате да дибивата социјална помош". Јас мислам дека заменикот министер треба да го земе предвид ова, бидејки се работат и вакви работи. Граѓаните коии се од социјален карактер загрозени, се бара од нив пари, иако тие може да се рече, немаат во во очи, а сега некои за да примат социјална помош треба да даде 200 марки. Или, ако имаат телевизор или електричен шпорет - ке речат нема социјална помош. Тука се работи за мито и корупција.

Барам, од Минситерството за труд и социјална политика и Минситерството за внатрешни работи, да ја спорведат оваа работа. Ова го кажувам, бидејќи се работи исклучиво за општината Шуто Оризари.

Има многу злоупотреби. Значи, пуштаат луѓе од Минстертвото за труд и социјална политика кои работат на тоа, а јас точно ги знаам кои се ќе дадам на писмено до Минситерството за внатрешни работи и до Министерството за труд и социјална политика, затоа што се злоупотребуваат овие работи.

Имам уште едно многу болно прашање. Тоа е болно за Македонија и срам за Македонија. Видете зошто: Разни луѓе доаѓаат во РМ, има луѓе од социјален карактер, има луѓе кои не се родители на своите деца и јас како претставник на ромската националност, јас се чувствувам многу навреден и сите пратеници со тоа би се согласиле, бидејќи не може граѓанин во Градот Скопје да помине, да прошета на улица, гледајќи како некои деца просат, ги оставаат голи и боси по улиците, што јас треба прв да ги заштитам, а од една страна ги заштитува, а од друга страна напаѓам некои работи. Јас сум многу реален. Значи, ги пуштаат децата по улиците, голи, боси, а тоа мислам дека треба да влезе во Законот, да не може родителот да го пушти своето дете да проси. Мислам дека треба родителот да се земе на одговорност, затоа што тие родители се пијанчат, некои доаѓаат од други места, а децата покажуваат многу лоша слика на Република Македонија.

Јас како припадник на Ромската националност многу ми е тешко, а мислам дека и на сите граѓани на Републиак Македонија исто така им е тешко. Има случаи кога некое дете ќе го фати некој од КВОР за ногавицата и не го пушта. Јас тоа лично сум го видел. Има големи проблеми и барам од Министерството за труд и социјанла политика и од Минситерството за вантрешни работи, да ја спроведат својата работа, да ги соберат сите од улиците, на тие деца да им се земе име и презиме,да се види, кои им се родители и да се превземат соодветни мерки.

САВО КЛИМОВСКИ:

Му благодарам на г-динот пратеник Амди Бајрам.

За збор се јави г-динот пратеник Илија Пранковски

ИЛИАЈ ПРАНКОВСКИ:

Г-дине претседателе, почитувани пратеници,

Ме поттикна дискусијата на претходниот говорник, тој кажа детално и пластично, меѓутоа, ја користам оваа прилика, по повод донесув-ањето на овој Закон, да го искажам и моето мислење, во врска со одредени злоупотреби, при доделувањето на разните видови на социјалната помош. Тоа не е парцијална појава, туку е присутна во сите региони на Македонија и воопшто, не е ни критика на сегашното раководство, туку тие работи се провлекувале со години.

Сметам дека Заводите за социјална помош, односно социјална заштита, треба во најбрз можен период да извршат ревизија на корисниците на разни видови социјална помош и дека тоа треба да го овозможи сегашниот закон и Минситерството за труд и социјална политика, па бидејки има појава, тие случаи се почести, вистинските социјални случаи да не ја добиваат правата социјална помош.

Кон ова што претходно се кажа, сакам да кажам еден при-. мер, кој во мојата изборна единица се случи. Луѓе кои доаѓаат да земат парична помош, доаѓаат со мобилни телефони, така што, сметам дека има тука злоупотреби, и дека ова е добра прилика да се изврши ревизија на корисниците на социјална помош и оние што навистина имаат потреба, да ја добиваат таа социјална помош.

Во истовреме, ја користам оваа прилика да го поддржам и амандманот предложен од колегите пратеници во Пратеничката група

ПДП за покачување на паричната помош од 20% на 30% и сметам дека тоа е факт на целата пратеничка група на Демократска алтернатива, од причини, што се работи за луѓе кои се тешко погодени, не само од социјална аспект,туку и од здравствена аспект и тука не треба да се прави големо мерење на тие проценти. Мислам дека треба да им се помогне.

САВИ КЛИМОВСКИ:

Му благодарам на г-динот Илија Пранковски.

Бидејќи веќе ја исцрпивме расправата, го заклучувам претресот и ги поканувам сите пратеници да влезат внатре, бидејќи ќе се гласа.

Му предлагам на Собранието да го усвои следниов Заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за изменување и дополнувањ ена Законот за социјалната заштита.

Ве молам да гласаме.

73 пратеници гласаа "за", против и воздржани нема.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

72 пратеника гласаа "за", воздржани нема, еден е"против".

Констатирам дека е сувоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандмани на член 3,с тав 1 и за менување на став 2 и на член 4, за додавање нов став 2, по ставот 1, со кој се согласил претставникот на Владата и теи се составен дел на текстот на Предлогот на закон.

Комисијата за труд и социјална политика поднесе амандман на член 4.

Пратениците: Азис Положани и Оломан сулејмани, поднесоа амандман на член 2, по кои Валдата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 4, поднесен од Комисијата за труд и социјална политика.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

РИСТО ГЕОРРИЕВ:

Амандамнот се прифаќа.

САВО КЛИМОВСКИ:

Отворам претрес по амандманот на член 2, поднесен од пратениците: Азис Положани и Оломан Сулејмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

РИСТО ГЕОРГИЕВСКИ:

Амандманот не се прифаќа,

САВО КЛИМОВСКИ:

